# ЗАКОН
# ЗА ПОДАТОЦИ ВО ЕЛЕКТРОНСКИ ОБЛИК
# И ЕЛЕКТРОНСКИ ПОТПИС

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој закон се уредува и регулира електронското работење кое вклучува употреба на информатичка и телекомуникациона технологија и употреба на податоци во електронски облик и електронски потпис и во судски, управни постапки и во платниот промет, освен ако не е поинаку предвидено со закон.

**Член 2**

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. Податоци во електронски облик се податоци кои се формирани или чувани на електронски начин.

2. Електронска порака е низа на податоци кои се пратени или примени по електронски пат кое, пред се, вклучува и електронско разменување на податоци и електронска пошта.

3. Електронски потпис се подразбира низа на податоци во електронски облик, кои се содржани или се логично поврзани со други податоци во електронски облик и е наменет за утврдување на автентичност на податоците и за утврдување на идентитетот на потписникот.

4. Општо прифатен електронски потпис е електронски потпис ако :

а) исклучиво и единствено поврзан со потписникот;

б) може од него со сигурност да се утврди потписникот;

в) е креиран со употреба на податоци и средства за општо прифатено електронско потпишување кои се во целосна контрола на потпишувачот и

г) е поврзан со податоци на кои се однесува, на начин што овозможува утврдување на секоја подоцнежна промена на тие податоци на кои се однесува потписот или промена на логичната поврзаност на самите податоци.

5.Временски жиг е електронски потпишана потврда од страна на издавачот на сертификати, за одредена содржина на податоци во точно одредено време и датум.

6. Испраќач на електронска порака е лице кое испраќа или во негово име се испраќа електронска порака.

7. Адреса на електронска порака значи место или лице на кое испраќачот сакал да ја испрати поракатa.

8. Примач на електронска порака е лице кое е ја примило пораката.

9. Посредник на електронска порака е лице кое за друго лице праќа, прима или чува електронски пораки, односно обезбедува други услуги поврзани со електронски пораки.

10. Потписник е лице кое во свое име или во име за друго правно или физичко лице кое го застапува, направи електронски потпис односно се потпише.

11. Информационен систем е систем кој се користи за составување, праќање, примање, чување или друга обработка на електронски податоци.

12. Податоци за електронско потпишување се единствени податоци користени при креирање на електронскиот потпис како, на пример, кодови или приватни криптогравски клучеви.

13. Средство за електронско потпишување е конфигурирана програмска или машинска опрема која се користи за оформување на електронски потпис.

14. Средство за општо прифатено електронско потпишување е: средство со кое се обезбедува единствени, сигурни и доверливи податоци за електронско потпишување; да не може во разумно време и со разумни средства од податоците за проверка на електронскиот потпис да се добијат податоци за електронско потпишување; електронскиот потпис да биде заштитен од фалсикување со употреба на моментално достапната технологија и потписникот да може сигрно да ги зачува податоците за електронско потпишување од неовластен пристап.

15. Податоци за проверка на електронски потпис се единствени податоци користени при проверка на електронскиот потпис како, на пример, кодови или јавни криптографски клучеви.

16. Средство за проверка на електронски потпис е конфигурирана програмска или машинска опрема која се користи за проверка на електронски потпис.

17. Сертификат е потврда во електронски облик со кој се потврдува врската меѓу податоците за проверка на електронски потпис со одредено лице, носителот на сертификатот и идентитетот на тоа лице.

18. Квалификуван сертификат е сертификат кој содржи име или назив и држава на живеалиштето, односно седиштето на издавачот; име или назив односно псевдоним на носителот или назив односно псевдоним на информатичкиот систем со назнака на носителот; податоци за проверка на електронскиот потпис кои се поврзани со податоците за електронско потпишување; почеток и крај на важењето на сертификатот; идентификационен број на сертификатот; општо прифатениот електронски потпис на издавачот и евентуалните ограничувања за употреба на сертификатот и

19. Издавач е физичко или правно лице кое издава сертификати или обезбедува други услуги поврзани со сертификати, односно електронски потписи.

**Член 3**

1. Ако поинаку не е договорено, одредбите од овој закон со исклучок на одредбите од член 4 и 12, не важат за затворени системи кои во целост се уредуваат со писмени спогодби меѓу познат број на договорни странки.

2. Правните или физичките лица можат односите во врска со податоците во електронски облик, електронските пораки и електронскиот потпис да ги уредат поинаку отколку што е определено со овој закон, ако од одделна одредба на овој закон или од нејзината смисла не произлегува нешто друго.

**Член 4**

Податок во електронски облик не може да се одбие или да не се прифати како доказ само за тоа што е во електронски облик.

## II. ПОДАТОЦИ И ПОРАКИ ВО ЕЛЕКТРОНСКИ ОБЛИК

**Член 5**

Примачот секоја примена електронска порака ја смета за посебна, освен во случај кога електронската порака е дуплирана или мултиплицирана и примачот знае или може да знае дека се работи за истата порака.

**Член 6**

Ако не е поинаку договорено за време на праќање на електронската порака се смета моментот кога таа влегува во информационен систем кој е надвор од контрола на испраќачот, односно на лицето кое ја праќа пораката во име на испраќачот.

**Член 7**

1. Ако не е поинаку договорено за време на прием на електронска порака се смета времето кога таа влегла во информациониот систем на примачот.

2. Ако примачот определил информационен систем за примање на електронски пораки во тој случј по исклучок на одредбата од став 1 на овој член, за време на прием на електронска порака се смета времето кога електронската порака влегла во определениот за тоа информациониот систем или ако електронската порака е пратена на друг информационен систем за време на прием на електронска порака се смета времето кога електронската порака е превземена од примачот.

**Член 8**

Ако не е поинаку договорено за место на испраќање на електронската порака се смета местото каде што испраќачот има седиште или место на живеење, односно пребивалиште во време на испраќање на пораката.

**Член 9**

Ако поинаку не е договорено за место на прием на електронската порака се смета местото каде што е седиштето на примачот или местото на постојаното живеалиште, односно пребивалиште на примачот во време на примање на пораката.

**Член 10**

1. Ако со закон или друг пропис е предвидено дека одредени документи, записи или податоци треба да се зачуваат, тоа може да се направи и на електронски начин под следните услови:

а) податоците содржани во електронскиот документ или запис, да се достапни и да се на располагање за подоцнежна употреба;

б) да се зачувани во облик во кој биле формирани, пратени или примени или во облик кој точно ја преставува формираната, пратената или примената информација;

в) да е сочувана на начин кој овозможува идентификација на местото и времето од каде што е пратена, односно примена електронската порака и

г) да се употребува технологија и постапки кои оневозможуваат промена или бришење на податоците, а доколку тоа се случи да биде лесно воочливо.

2. Обврската за чување на документи, записи или податоци од став 1 на овој член не се однесува на податоци чија единствена цел е да овозможат прием или испраќање на електронската порака (комуникациони податоци).

3. Ако со закон или друг пропис се бара одредени податоци да се презентираат или зачуваат во оргинал овој услов е исполнет од податоците во електронски облик во случај кога ги исполнуваат условите од став 1 на овој член.

**Член 11**

1. Ако со закон или друг пропис се бара информацијата да биде во писмена форма овој услов е исполнет, кога од податоци во електронски облик ако податоците содржани во електронскиот документ или запис се достапни и се на располагање за подоцнежна употреба.

2. Одредбите од став 1 на овој член не се однесуваат за акти кои задолжително се заверуваат пред суд или нотар.

## III. ЕЛЕКТРОНСКИ ПОТПИС

**Член 12**

Електронскиот потпис не може да се оспори или да се одбие како доказ само поради тоа што:

1) е во електронски облик или

2) ако за истиот нема квалификуван сертификат или

3) ако сертификатот не е издаден од акредитиран издавач или

4) не е формиран на средства за општо прифатливо електронско потпишување.

**Член 13**

1. Општо прифатлив електронски потпис со квалификуван сертификат даден во врска со електронски податоци е изедначен со своерачен потпис и затоа има еднаква важност и сила на доказ, како и своерачниот потпис даден во врска со хартиени документи.

2. Електронскиот потпис не важи таму каде што се бара своерачен потпис пред нотар или суд.

**Член 14**

Лицата кои чуваат документи кои се електронски потпишани со употреба на податоци и средства за електронско потпишување се должни да ги чуваат и комплементарните податоци и средства за проверка на електронскиот потпис исто толку долго колку што се чува и документот.

**Член 15**

Забранета е употребата на податоци и средства за електронско потпишување без согласност на потписникот или носителот на сертификатот кои се однесуваат на наведените податоците и средства.

**Член 16**

1. Издавачот е должен најмалку 30 дена пред почетокот на својата дејност да се регистрира во Министерството за финансии.

2. Издавачот е должен да донесе правила кои треба да бидат усогласени со законот и сите подзаконски акти .

3. При регистрирање во Министерството за финансии издавачот ги доставува правилата, како и секоја измена на истите.

4. Издавачот е должен доследно да ги спроведува своите правила.

5. Мистерот за финансии го пропишува начинот и постапката за регистрација на издавачи, како и содржината на правилата на издавачот.

**Член 17**

1. Издавачот е должен во рок од еден ден да го извести Министерството за финансии ако поради некои околности не може или е спречен да работи согласно со закон, подзаконски акти и своите правила.

2. Издавачот е должен во рок од еден ден да го извести Министерството за финансии за можен стечај или ликвидација.

**Член 18**

1. Издавачот е должен во рок од два дена да ги поништи сите сертификати пред истекот на нивната важност во согласност со своите правила со кои се предвидува поништување на сертификат, но секогаш во случаи ако:

а) тоа го бара носителот на сертификатот или

б) издавачот утврди дека носителот на сертификатот умрел или ја изгубил деловната способност или престанал да постои или ако се промениле околностите кои битно влијаат на полна важност на сертификатот или

в) податоците во сертификатот се погрешни или сертификатот е издаден врз основа на погрешни податоци или

г) податоците за проверка на електронскиот потпис или информациониот систем на издавачот се загрозени на начин кој влијае на сигурност на сертификатот или

д) податоците за електронско потпишување или информациониот систем на носителот на сертификатот се загрозени на начин кој влијае на сигурноста на електронското потпишување или

ѓ) издавачот престанал со дејноста или истата му е забранета и неговата дејност не ја преземал друг издавач или

е) сертификатот треба да се поништи со одлука на суд или друг надлежен орган.

Издавачот е должен во своите правила да предвиди дали, каде и како ќе го врши известувањето за издавање или поништување на сертификат.

Издавачот е должен да го извести носителот на сертификатот за поништувањето на истиот без оглед на тоа што е утврдено со неговите правила. Податоците за поништувањето на сертификатот издавачот е должен да ги даде и на трето лице ако тоа го бара третото лице или да го објави ако води регистер на поништени сертификати.

**Член 19**

Министерството за финансии е должно да обезбеди поништување на сертификатите на издавачите кои престанале со работа или на кои им е забрането работењето ако тоа предходно самите не го направиле или ако дејноста на издавачот не ја презел друг издавач.

**Член 20**

1. Носителот на сертификатот е должен податоците и средствата за електронско потпишување да ги чува како добар домаќин и да ги употребува во

согласност со овој закон и подзаконските акти и да го спречи секој неовластен пристап до тие податоци и средства.

2. Носителот на сертификатот е должен да побара поништување на својот сертификат ако неговите податоци за електронско потпишување или неговиот информатичкиот систем се изгубени или загрозени на начин кој влијае на сигурноста на формирање на електронскиот потпис или ако постои можност за злоупотреба или ако дошло до промена на податоците наведени во сертификатот.

**Член 21**

Ако сертификатот во себе содржи и податоци за трето лице кое не е носител на сертификатот, третото лице може да бара поништување на сертификатот од причини дадени во став 2 на член 20 од овој закон.

**Член 22**

1. Поништување на сертификатот меѓу носителот на сертификатот и издавачот има правно дејство од моментот кога сертификатот е поништен.

2. Поништување на сертификатот меѓу трето лице и издавачот има правно дејство од моментот кога издавачот ќе го објави поништувањето или ако поништувањето не е објавено од моментот кога третото лице ќе дознае за поништувањето.

3. При поништувањето на сертификатот мора да се наведе точното време и датумот на поништување.

4. Поништувањето секогаш важи од моментот на поништување па во иднина. Забрането е ретроактивно поништување на сертфикат.

**Член 23**

Издавачот мора да ја чува најмалку 5 години:

а) документацијата за преземените мерки на безбедност согласно на овој закон и подзаконските акти и

б) документацијата за сите издадени и поништени сертификати, и тоа на начин кој ќе обезбеди податоците од оваа документација да бидат секогаш достапни и нивната автентичност и промените во истите да може секогаш да се провери.

**Член 24**

1. Издавачот е должен пред да престане со вршење на дејноста да го извести Министерството за финансии и носителите на издадените сертификати и да ги обезбебеди сите права и обрски околу издадените сертификати да бидат преземени од друг издавач или да ги поништи сите важечки сертификати.

2. Издавачот е должен целокупната документација да ја предаде на друг издавач кој ќе ги преземе сите права и обврски во врска со издадените сертификати, а ако таков нема тогаш истата е должен да ја предаде на Министерството за финансии.

**Член 25**

1. Од квалификуваниот сертификат задолжително мора да може да се утврди:

а) дека се работи за квалификуван сертификат;

б) име или назив и држава на живеалиште, односно седиште на издавачот;

в) име или назив односно псевдоним на носителот или назив односно псевдоним на информатичкиот систем со назнака на носителот под чија контрола е истиот, со задолжителна ознака дека се работи за псевдоним;

г) дополнителни податоци за носителот на сертификатот кои се пропишани за намената за која сертификатот ќе се употребува;

д) податоци за проверка на електронскиот потпис кои се поврзани со податоците за електронско потпишување кои се под надзор на носителот на сертификатот;

ѓ) почеток и крај на важност на сертификатот;

е) идентификационен број на сертификатот;

ж) општо прифатениот електронски потпис на издавачот;

з) евентуални ограничувања за употребата на сертификатот и

ѕ) евентуални ограничувања на износот на трансакциите кои можат да се вршат со сертификатот.

2. Ако не е поинаку договорено на кфалификуваниот сертификат не смее да има никакви други податоци.

**Член 26**

Издавачот кој издава квалификувани сертификати е должен услугите да ги дава стручно и совесно.

**Член 27**

Издавачот кој издава квалификувани сертификати е должен да води регистар на поништени сертификати кој регистар треба да го содржи најмалку идентификациониот број на поништениот сертификат за да може со сигурност да се утврди кој е поништениот серфтификат.

2. Регистарот не смее да содржи податоци за причините на поништувањето или било кои други податоци кои не се содржани во сертификатот, освен датумот и времето на поништување.

3. Издавачот е должен регистерот да го потпише со својот општо прифатен електронски потпис за кој има квалификуван сертификат кој е најмалку подеднакво сигурен, како и сертификатите кои се водат во регистарот.

4. Издавачот е должен да обезбеди можност за моментално и сигурно поништување на квалификуван сертификат, како и можност за прецизно одредување на моментот на издавање и поништување на квалификуваниот сертификат.

5. Издавачот кој издава квалификуван сертификат и престане со дејноста согласно овој закон е должен да обезбеди друг издавач кој издава квалификувани сертификати да го преземе водењето на поништените квалификувани сертификати во својот регистар.

6. Ако издавачот не обезбеди превземање на водењето на поништените квалификувани сертификати тогаш тоа ќе го направи Министерството за финансии на трошок на издзвзчот.

**Член 28**

Издавачот кој издава квалификувани сертификати е должен да го утврди идентитетот и другите потребни податоци на носителот на сертификатот со лична карта или пасош и сите други потребни документи. За правните лица е потребна и регистрацијата на фирмата.

**Член 29**

1. Издавачот кој издава квалификувани сертификати е должен да вработи кадар со потребно стручно знаење и искуство и да биде оспособен за вршење на оваа дејност и да работи и применува постапки кои се во согласност со општо прифатените светски стандарди .

2. Министерот за финансии поблиску ќе ги пропише условите од став 1 на овој член.

**Член 30**

1. Издавачот е должен да употребува системи и опрема која обезбедува техничка и криптографска сигурност и која ќе гарантира максимална безбедност и доверливост на податоците со стандардите на Европската унија и светските стандарди.

2. Издавачот не смее да чува податоци за електронско потпишување.

3. Издавачот е должен за чување на квалификувани сертификати да користи сигурни системи со кои:

а) се овозможува да се провери автентичноста на сертификатот;

б) се обезбедува достапност на сертификатот само ако тоа предходно го дозволил носителот;

в) се овозможува само овластени лица да внесуваат нови податоци или да ги менуваат постојните и

г) се овозможува корисникот на едноставен начин да ги забележи промените кои можат да го загрозат исполнувањето на предходните услови.

4. Министерот за финансии подетално ќе ја пропише потребната опрема и систем за чување на квалификуваниот сертификат.

**Член 31**

1. Издавачот кој издава квалификувани сертификати е должен да биде осигуран од евентуална штета која тој може да ја предизвика.

2. Министерот за финасии ке го пропиќе најнискиот износ на осигурување.

**Член 32**

1. Издавачот кој издава квалификувани сертификати е должен да ги чува сите релевантни податоци за сите издадени квалификувани сертификати со цел истите да може да се употребуваат во евентуални судски, управни и други постапки.

2. Сите релевантни податоци издавачот кој издава квалификувани сертификати е должен да ги чува онолку време колку што се чуваат податоците кои биле потпишани со елетронски потпис на кој се однесува квалификуваниот сертификат, но најмалку пет години од издавањето на квалификуваниот сертификат.

3. За релевантни податоци од квалификуваниот сертификат се сметаат особено:

а) податоците за начинот на проверка на идентитетот на носителот на сертификатот;

б) времето, датумот и начинот на издавање на сертификатот;

в) причините, времето, датумот и начинот на поништување на сертификатот;

г) време на важење на сертификатот и

д) сите пораки кои се поврзани со важноста на сертификатот разменети помеѓу издавачот и носителот на сертификатот.

4. Податоците од став 3 на овој член може да се чуваат и на електронски начин.

**Член 33**

1. Издавачот мора пред издавање на сертификатот и склучување на договорот да го извести лицето на кое ќе му издаде сертификат за сите околности на издавање на сертификатот.

2. Известувањето задолжително ги содржи следните информации:

а) прецизен извадок од законските одредби и своите правила и други услови кои се однесуваат на користење на сертификатот;

б) за можните ограничувања на примената на сертификатот;

в) за постоење на можноста за акредитација;

г) за постапките за спогодбено решавање на споровите и постапката за жалба;

д) за мерките на претпазливост кои мора да ги спроведува сопственикот на сертификатот и

ѓ) предупредување дека по истекот на одреден период податоците кои веќе еднаш се потпишани треба повторно да се потпишат.

3. Сите информации треба јасно и разбирливо да се напишани и задолжително се даваат во писмена форма на медиум кој обезбедува трајност и непроменливост на податоците.

4. Издавачот е должен на трети лица да им обезбеди достап до овие информации.

**Член 34**

1. Министерството за финансии води регистер на издавачи на сертификати во Република Македонија.

2. Издавачите од странство можат да се регистрират во Министерството за финансии под услов нивните сертификати да се признаат во Република Македонија.

3. Регистерот се потпишува со општо прифатлив електронски потпис чиј квалификуван сертификат се објавува во "Службен Весник на Република Македонија".

**Член 35**

1. Средствата за општо прифатливо електронско потпишување треба да го обезбедат следново:

а) податоците за електронско поттпишување да се единствени сигурни и доверливи;

б) да не може во разумно време и со разумни средства од податоците за проверка на електронскиот потпис да се добијат податоците за електронско потпишување;

в) електронскиот потпис да биде заштитен од фалсификување со употреба на моментално достапната технологија и;

г) потписникот да може сигурно да ги сочува податоците за електронско потпишување од неовластен пристап.

2. Овие средства не смее да ги променат податоците кои се потпишуваат или да го спречат потписникот да ги види податоците кои ги потпишува.

3. Министерот за финансии поблиску ќе ги пропише условите кои треба да ги исполнуваат средствата за електронско потпишување согласно со овој член.

**Член 36**

1. За време на процесот на проверка на општо прифатениот електронскиот потпис задолжително треба да се обезбеди:

а) податоците кои се употребуваат за проверка на електронскиот потпис да се исти со податоците кои корисникот ги гледа;

б) потписот да се провери на сигурен начин, а резултатот од оваа проверка и идентититетот на носителот на сертификатот правилно да се прикажат на корисникот;

в) корисникот да може на сигурен начин да ја провери содржината на потпишаните податоци;

г) проверка на автентичноста и полноважноста на сертификатот во времето на проверка на електронскиот потпис;

д) јасно предупредување, ако сертификатот е издаден под псевдоним и

ѓ) сите промени кои влијаат на сигурноста на електронскиот потпис треба да се утврдат и прикажат.

2. Министерот за финансии поблиску ќе ги пропише условите кои треба да ги исполнуваат средствата за проверка на електронскиот потпис од овој член.

**Член 37**

1. Со издавање на квалификуван сертфикат издавачот е одговорен спрема секое лице кое се повикува на квалификуван сертификат за:

а) точноста на сите податоци во сертификатот;

б) дека сертификатот ги содржи сите пропишани и договорени податоци;

в) дека носителот на сертификатот во време на издавање на истиот ги имал податоците за електронско потпишување кои се совпаѓаат со податоците за проверка на електронскиот потпис кои се назначени во сертификатот;

г) за комплементарноста на податоците за електронско потпишување и проверка на електронскиот потпис, ако издавачот на носителот на сертификатот му ги дал тие податоци;

д) моментално поништување на сертификатот за колку постои причина за тоа и за објавување на поништувањето и

ѓ) исполнување на сите законски обврски.

2. Издавачот може да ја ограничи употребата на сертификатот или висината на трансакцијата и тогаш одговара само во рамките на овие ограничувања, ако трети лица можеле да ги препознаат овие ограничувања.

3. Издавачот е одговорен, освен ако не докаже дека штетата настанала без негова вина.

**Член 38**

Одредбите од овој закон кои се однесуваат на сертификатот и на квалификуваниот сертификат соодведно се однесуваат и на временскиот жиг.

**Член 39**

1. Надзорот за спроведување на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон го врши Министерството за финансии.

2. Работите на инспекцискиот надзор ги вршат испектори.

**Член 40**

Со надзорот Министерството за финансии проверува особено дали:

а) условите од овој закон и сите подзаконски акти се содржат во правилниците на издавачот;

б) издавачот за цело време ги исполнува сите услови од овој закон и сите подзаконски акти како и правилиниците;

в) дали е запазена постапката при издавање на квалификуваните сертификати;

г) дали е запазена законитоста на издавање, чување и поништување на сертификатот;

д) е запазена законитоста на давањето на други услуги на издавачот;

**Член 41**

1. Овластениот инспектор за надзор има право:

а) да ја провери целата документација која е поврзана со дејноста на издавачот;

б) да ги провери неговите простории, информатички систем, мрежа, останата опрема, техничка документација итн, како и сигурносните мерки кои издавачот ги презема.

2. Инспекторот има право да изврши увид во целокупната документација заради обезбедување докази или за точно утврдување на евентуална нерегуларност. Во исклучителни случаеви инспекторот има право привремено да ја одземе документација за која задолжително треба да издаде потврда.

3. Инспекторот е должен да ги чува како службена тајна сите податоци за сертификатите и личните податоци на носителот на сертификатот.

4. Инспекторот со решение:

а) ја забранува употребата на неадекватни постапки и инфраструктура и му дава рок на издавачот во кој тој е должен да обезбеди адекватни постапки и инфраструктура или

б) делумно или во целост, привремено го забранува работењето на издавачот до отстранувањето на неадекватноста на постапките и инфраструктурата или

в) инспекторот привремено ја забранува дејноста на издавачот поради не исполнување на условите од овој закон и подзаконските акти, ако со предхоните мерки не е можно или со истите не може да се очекува дека ќе се отстранат неправилностите или

г) ќе нареди поништување на некој или на сите сертификати издадени од издавачот, ако постои основано сомневање дека се работи за фалсификат.

5. Против решение на инспекторот дозволена е жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на решението.

6. Жалбата од став 5 на овој член се доставува до надлежната Комисија на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен.

6. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

**Член 42**

Во случај на привремена забрана на дејноста издадените сертификатаи до денот на забраната остануваат во важност.

**Член 43**

1. Издавач кој ќе докаже дека ги исполнува сите услови од овој закон и сите подзаконски акти може да бара запишување во регистарот на акредитирани издавачи.

2. Издавачите од странство можат да бараат запишување во регистарот на акредитирани издавачи под услов нивните квалификувани сертификати да важат во Република Македонија.

3. Издавачите кои се запишани во регистарот на акредитирани издавачи (акредитирани издавачи) можат да ја вршат својата дејност користејќи ја назнаката акредитиран издавач, која назнака можат да ја стават и во својот сертификат.

**Член 44**

1. Функцијата на акредитацискиот орган ќе ја врши Министерство за финасии.

2. Мистерот за финасии ќе ги пропише начинот и постапката за акредитирање на издавачите, како и обликот и формата на знакот за акредитиран издавач.

**Член 45**

Акредитацискиот орган води јавен електронски регистер на акредитирните издавачи и го потпишува со општо прифатен електронски потпис чиј квалификуван сертификат се објавува во "Службен Весник на Република Македонија".

**Член 46**

1. Акредитацискиот орган издава препораки и стандарди за работа на акредитирани издавачи.

2. Акредитацискиот орган врши надзор и презема мерки кон акредитираните издавачи за да утврди дали:

а) условите од овој закон и сите подзаконски акти се содржат во правилниците на акредитирани издавачи;

б) акредитираниот издавач за цело време ги исполнува сите услови од овој закон и сите подзаконски акти, како и правилата на акредитирани издавачи;

в) е запазена постапката при издавање на квалификуваните сертификати;

г) е запазена законитоста при издавање, чување и поништување на сертификат и

д) е запазена законитоста при давањето на други услуги на акредитираниот издавач.

3. Акредитацискиот орган може да препорача:

а) промени на правилата на акредитираниот издавач и

б) престанок на употреба на неадекватни постапки и инфраструктура.

4. Ако акредитираниот издавач не постапи по препораките и мерките на акредитацискиот орган, тој со решение ќе го избрише од регистарот на акредитирани издавачи.

5. Против решението на акредитацискиот орган во е дозволена жалба рок од 15 дена од денот на доставувањето на решението.

6. Жалбата од став 5 на овој член се доставува до надлежната Комисија на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен.

7. Решението на надлежната Комисија од став 6 на овој член донесено по жалбата е конечно.

**Член 47**

1. Квалификувани сертификати издадени од издавачи со седиште во Европската унија се изедначени со домашните квалификувани сертификати.

2. Квалификувани сертификати издадени од издавачи со седиште во трети земји се изедначени со домашите квалификувани сертификати под услов:

а) издавачот ги исполнува условите од овој закон за квалификуван сертификат и да е доброволно акредитиран во Република Македонија или во Европска Унија или

б) домашен издавач кој ги исполнува условите од овој закон за издавање на квалификуван сертификат, да гарантира за странскиот сертификат како да го издал самиот или

в) така да е договорено со билатерален или мултилатерален меѓународен договор помеѓу Република Македонија и друга земја или меѓународна организација.

## V. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

### Член 48

Со парична казна од 200.000,00 до 300.000,00 денари ќе се казни за прекршок правното лице издавач ако:

1) не се регистрира во Министерство за финансии во утврдениот рок, не ги достави своите правила или истите не ги усогласи согласно со овој закон и подзаконските акти (член 16);

2) не го извести Министерството за финансии за околностите поради кои е спречен да работи согласно со овој закон (член 17);

3) поништувањето не го направи на начин, постапка или во случаи пропишани со овој закон или неговите правила (членови 18 и 21);

4) го поништи сертификатот ретроактивно (член 22 став 4);

5) не ја чува пропишаната документацијата согласно со овој закон (член 23);

6) не ги преземе потребните дејствија согласно со овој закон пред престанокот на извршувањето на својата дејност како издавач (член 24);

7) издаде квалификуван сертификат со содржина спротивна на одредбите од овој закон (член 25);

8) не води регистер за поништени квалификувани сертификати на начин согласно со овој закон (член 27);

9) при издавањето на квалификуван сертификат не постапи согласно со одредбите од овој закон (член 28);

10) при издавањето на квалификувани сертификати не ги обезбедил условите утврдени со одредбите од овој закон (членови 29, 30 и 31);

11) при чувањето на податоците за квалификуваните сертификати не постапува на начин утврден со овој закон (член 32);

12) не го извести идниот носител на квалификуван сертификат или трето лице за информациите утврдени согласно со овој закон (член 33);

13) продолжи со дејноста на издавање сертификати и после забраната за вршење на дејност (член 41);

14) го спречува инспекторот во вршењето на надзор и контрола согласно со овој закон (член 41) и

15) ја употребува назнаката за акредитиран издавач, а не е акредитиран согласно со овој закон (член 43 став 3).

**Член 49**

Со парична казна од 200.000,00 до 300.000,00 денари ќе се казни за прекршок правното лице ако:

1) податоците и средствата за електронско потпишување не ги чува или употребува согласно со овој закон (член 20 став 1);

2) не побара поништување на својот сертификат во случаи утврдени со овој закон (член 20 став 2) и

3. употребува средства за електронско потпишување и проверка на електронски потпис кои не одговараат на условите утврдени во одредбите од членовите 35 и 36 на овој закон.

**Член 50**

Со парична казна од 40.000,00 до 50.000,00 денари ќе се казни одговорното лице на правното лице за прекршоците утврдени во членовите 46 и 49 од овој закон.

**Член 51**

Со парична казна од 40.000,00 до 50.000,00 Денари ќе се казни за прекршок физичко лице издавач ако:

1) не ги чува и комплементарните податоци и средства за проверка на електронскиот потпис онолку време колку што го чува и документот кој е електронски потпишан со податоци средства за електронско потпишување (член 14 );

2) не се регистрира во Министерство за финансии во утврдениот рок не ги достави своите правила или истите не ги усогласи согласно со овој закон и подзаконските акти (член 16);

3) не го извести Министерството за финансии за околностите поради кои е спречен да работи согласно со овој закон (член 17);

4) поништувањето не го направи на начин, постапка или во случаи пропишани со овој закон или неговите правила (членови 18 и 21);

5) го поништи сертификатот ретроактивно (член 22 став 4);

6) не ја чува пропишаната документацијата согласно со овој закон (член 23);

7) не ги преземе потребните дејствија согласно со овој закон пред престанокот на извршувањето на својата дејност како издавач (член 24);

8) издаде квалификуван сертификат со содржина спротивна на одредбите од овој закон (член 25);

9) не води регистер за поништени квалификувани сертификати на начин согласно со овој закон (член 27);

10) при издавањето на квалификуван сертификат не постапи согласно со одредбите од овој закон (член 28);

11) при издавањето на квалификувани сертификати не ги обезбедил условите утврдени со одредбите од овој закон (од членови 29, 30 и 31);

12) при чувањето на податоците за квалификуваните сертификати не постапува на начин утврден со овој закон (член 32);

13) не го извести идниот носител на квалификуван сертификат или трето лице за информациите утврдени согласно со овој закон (член 33);

14) продолжи со дејноста на издавање сертификати и после забраната за вршење на дејност (член 41);

15) го спречува инспекторот во вршењето на надзор и контрола согласно со овој закон (член 41) и

16) ја употребува назнаката за акредитиран издавач, а не е акредитиран согласно со овој закон (член 43 став 3).

**Член 52**

Со парична казна од 40.000,00 до 50.000,00 денари ќе се казни за прекршок физичко лице ако:

1) податоците и средствата за електронско потпишување не ги чува или употребува согласно со овој закон (член 20 став 1);

2) не побара поништување на својот сертификат во случаи утврдени со овој закон (член 20 став 2);

3) употребува средства за електронско потпишување и проверка на електронски потпис кои не одговаат на условите утврдени во одредбите од членовите 35 и 36 на овој закон и

4) употребува податоци или средства за електронско потпишување спротивно од член 15 на овој закон.

## VI. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

**Член 53**

Овој Закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".